Република Македонија
Јавна установа за деца-Детска градинка
„Детска Радост" Општина Гази Баба
Бр. 04-234/22
21.08.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ, бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 в.д Директорот на ЈУДГ"Детска радост" општина Гази Баба Скопје ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас бр.498/2026 за вработување на административен службеник во Јавната установа за деца детска градинка "Детска радост" општина Гази Баба Скопје, објавен во дневните весници "Слободен печат" "Вечер" и "Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација од Предлогот за вработување на кандидати на работното место Помлад референт-Материјален книговодител - 1 извршител се избира

-Елена Алексовска-

2. Именуваниот/та ќе биде вработен/на на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.07.2026 година во дневните весници "Слободен печат" "Вечер" и "Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во Јавната установа за деца детска градинка "Детска радост" општина Гази Баба Скопје, за работното место Помлад референт –материјален книговодител- 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-1627/5 од 20.07.2026 година и Решение бр.10-1627/7 од 12.08.2026 година за изменување и дополнување на Решението за формирање Комисија за селекција за вработување по јавен оглас донесени од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник под бр. 10-1627/6 од 31.07.2026 година по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр.10-1627/9 од 12.08.2026 година.

На ден 17.08.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник под бр.10-1627/10 од 17.08.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до ЈУДГ "Детска радост" општина Гази Баба Скопје доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 498/2026 со бр.10-1627/11 од 18.08.2026 година.